# Terroir Vranec Grand Reserva 2011




Суво црвено вино добиено од просушени гроздови од сортата Вранец. Има карактеристична густина за сортата, одлична подвижност и динамичен вискозитет. Виното се одликува со темна рубин црвена боја и интензивна овошно-зачинска арома која потсетува на мешавина од зрела капина, боровинка и модра слива, со дискретна нота на нане. Со 20-месечното созревање во нови барик буриња од американски даб се обезбедува исклучително полн и богат вкус на коцентрирано пире од црно овошје прелиено со чоколадо. Хармоничните киселини, меките сомотести танини и комплексното буке со префинета структура, му овозможуваат на ова вино потенцијал за долго созревање.
Препорачана температура на послужување: 16-18$^{o}$C. Комбинирате со специјалитети од црвено месо, дивеч во пикантен сос, или со јаки сирења.
Препорачуваме да се декантира пред послужување.

Алкохол: 17,2% Vol. Полнето: Јануари, 2014
НАГРАДИ:

- Decanter World Wine Awards, UK, 2013 - Злато
- Decanter World Wine Awards, UK, 2013 - Регионален трофеј за Централна и Источна Европа, категорија црвени вина над £15
- Balkans International Wine Competition, Бугарија 2013 - Злато
- WINE FAIR SPILT 2013, Хрватска - Шампион на црвени вина